ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

Наш број: 08-3520/1
-5. 04. 2022
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020 и 215/2021), Секретарот на Град Скопје донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.06/2022 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за товарен сообраќај и урбана логистика, Сектор за сообраќај, се избира кандидатот **Христина Кајевиќ.**

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## Образложение

На ден 18.03.2022 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.06/2022 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-3144/1 од 28.03.2022 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Секретарот на Град Скопје, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за товарен сообраќај и урбана логистика, Сектор за сообраќај, предложи Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Христина Кајевиќ.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат.
- Секторот за управување со човечки ресурси.
- Архивата.

Република Северна Македонија • Град Скопје • Republika e Maqedonisë së Veriut • Qyteti i Shkupit

**Град Скопје**
**Секретар**

**Гоко Велковски**